

Канадскиот музичар, текстописец, поет, новелист и сликар, Леоанрд Коен остави зад себе трага во уметноста како ретко кој сеопфатен талент пред него. Како и во другите уметности тој беше врвен и во литературата.

Збирката на песни „Пламенот“ (The Flame), која ја комплетира неколку дена пред неговата смрт, ќе биде објавена во октомври, 2018 година. Коен почина неколку недели по објавувањето на неговиот последен музички албум „ You want it darker “, а ќе биде запомнат во светот на литературата по неколку збирки на песни, меѓу кои и неговото првенче Let Us Compare Mythologies, како и Flowers for Hitler. Исто така, напишал и два романи од кои романот „Прекрасни губитници“ (Beautifull Loosers) стана класик на канадската анти-култура.

Во нашата Библиотека ги имаме следните негови книги: Книга на милосрдието (кратка проза) и Омилената игра (роман).

Подготвил: Александар Крстев (Оддел за информации)